ЈКП –ВОДОВОД -АРАЧИНОВО

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТ
NDËRMARJE KOMUNALE PUBLI
"ВОДОВОД" - " UJËSJELLË
Бр. 08-06
31.12. 2014 го
АРАЧИНОВО - HARAÇINË

# ПРОГРАМА И ИЗВЕШТАЈ
# За работа за 2015 Година

Арачиново , декември 2014 година

Врз основа на член 19 став 2.2 од законот за Јавни Претпријатија ( “Службен весник” на РМ бр 38/96) и статутот на ЈКП-Водовод - Арачиново се донесе следната:

**П Р О Г Р А М А И ИЗВЕШТАЈ**

За работа и развој на ЈКП-Водовод-Арачиново за 2015.

Со законот за Јавните Претпријатија ( Службен весник на РМ бр 38/96) ЈКП-Водовод-Арачиново е обврзана да изготви и донесе годишна програма за работа и развој во која програма ќе се потенцираат главните приоритети во развојот на комуналните дејности на кој ке се посвети поголемо внимание во текот на годината. Како и до сега и во 2015г. ке продолжи со развивање на својата работа и тоа :

За водоснабдување, собирање и транспортирање на комунален цврст отпад на територијата на Општина Зелениково за 2015год .

I. ВОВЕД

Кај граѓаните на Општина Арачиново постои висока еколопка свест и тие се помалку го толерираат загадувањето на околината со отпадоци. Јавното Комунално Претпријатие Водовод=Арачиново е добро организирано и постојано го подобрува системот за управување со отпад и ЈКП – Водовод - Арачиново има добра логистика за собирање на отпадот од сите корисници во Општина Арачиново. Идните планови се насочени во насока на унапредување и заштита на животната средина и воведување на нови технички и технологии во управувањето со отпадот.

Поаѓајки од дејноста на работење во текот на 2015 година ЈКП ќе ги обавува следните деловни активности :

1. Испорака на Вода за пиење на корисниците од Општина Арачиново , Селата Арачиново и Мојанци (правни и физички лица)
2. Услуги на собирање и транспортирање на смет за корисници на територијата на Општина Арачиново и сите правни субјекти на територијата на Општина Арачиново.

## II. Општ дел

Што се однесува за планираните активности на ЈКП-Водовод –Арачиново не беа предвидени толку дефекти на водоводната мрежа и зафати на нови преместувања на цевководната линија Илинден-Арачиново-Мојанци. Во 2015година не беа планирани непредвидени дефекти како напримарната така и на секундарната мрежа. Се случиа 3 огромни дефекти на главниот цевковод Илинден –Арачиново и 168 мали дефекти кои скоро секојдневно се јавуваат граѓаните на регулација на малите дефекти што се појавуваат.

Првиот дефект беше помеѓу с.Илинден-Арачиново на нивата од каде што поминува цевководната мрежаза кои беа потрошени огромни средства , и каде што беше истечена голема количина на вода.

За тој дефект беше набавена цевка од F 250 од 6m, 2 укс од 250 , и 8 км гуми.
Употребена машина за ископ на каналот од 10m должина и беа повикани 2 обични работници за помош на дефектот а истиот беше отклонет за 1 (еден) ден .
Вториот дефект се случи за неполн месец кај пумпната станица во Мојанци. Исто така беа потрошени големи средства за остранување на дефектот, променета цевка F350 од 6 m , 2 укс од 350 и 8км гуми . Беше повикан и багер за ископ на 10 m должина и длабочина од 2 m .
Истиот дефект беше отклонет за 1(еден) ден . Не помина ни една недела , огромен дефект под трупот на патот кај пумпната станица во Илинден. Употребен машински ископ, истечена огромна количина на вода . Набевени и употребени 3 ливени бубрези f315, цевка 315 од 3m , 8 км гуми и кондензатор.
Повикани на помош 2(два) работника . Дефектот беше саниран за 2 (два) неполни дена.
За ситни дефекти на секундарната мрежа се употребени стотици делови од 63 , вентили од 6/4 , 5/4 , 1цол , ¾ , ½ , пластични спојки од сите видови , поцинковани спојки , полуспојки , колена и многу многу други делови .
Според сета оваа ситуација зголемени се расходите во 2015 година и се потрошени големи средства за санирање на опишаните дефекти . Набевени 30+30 континиери од Комунална Хигиена ( како донација ) благодарение на директорот и неговата умешност за работа . Според горе опишаното за 2015 година треба да се планираат огромни средства за санирање на секундарната и примарната , но бидејќи фирмата не е во можност наеднаш да ги планира истите ќе превзема активности како што налагаат условите. За санирање на погоре опишаните работи потребна е помош и од Општина Арачиново . Веке неколку години ЈКП-Водовод - Арачиново предвидува промена на сите водомери , но од недостаток на финансиски средства истите работи неможат да

се остварат. Што се однесува до планираните активности за собирање на смет , изготвена е програма за работата на ЈКП-Водовод-Арачиново во 2015 година .

Со оваа програма се определува и планира начинот и динамиката на собирање и транспортирање на комунален цврт отпад и водоснабдување на подрачјето на Општина Арачиново. Со оваа програма се опфатени сите делови и населени места на подрачјето на Општина Арачиново и динамиката на нејзино извршување .Собраниот комунален отпад од домаќинствата така и од правните субјекти со специјално возило ќе се транспортира во дивата депонија ѓто се наоѓа на излез од село Арачиново.

III.За одржување на водоводната мрежа и отклонување на дефектите претпријатието располага со соодветен алат и потребни потрошни материјали.Во работата ќе бидат вклучени 2 ( двајца ) работници , кои по потреба ќе се ангажираат и други работници зависи од потребата во годината.
Бидејќи водоводната мрежа е веќе над 10 години ќе бидат ангажирани и повеќе работници од страна и машини за ископ на земјиштето. За вршење на услугите на собирање и транспортирање на смет , претпријатието располага со специјализирано возило со носивост од 8 метри кубни а во работата ке бидат вклучени : Возач и тројца транспортни работници за утовар на истиот од ЈКП –Водовод-Арачиново. Возилото ќе биде одржувано од страна на ЈКП Арачиново бидејќи истото е превземено од Општина Арачиново. Регистрацијата и сите други поправки ќе ги сноси финансиски самото претпријатие. Работите на наплатата на сметките кои произлегуваат од дејноста ќе ја вршат 2 работници а по потреба ке се вклучат и повеќе работници од истото претпријатие.

Стручно административните работи ќе ги обавуваат 2 работници.
Раководен орган на претпријатието е Директорот.
За успешно спроведување и реализирање на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и актривности се предвидува дека неопходна ќе биде да се се обезбедат доволно финансиски средства за извршување на истите.

ЈКП-Водовод-Арачиново заедно со Општина Арачиново и разни донации планира да ги замениили изгради следниве работи :
Промена на сите водомери од корисниците на вода , реконструкција на водоводната мрежа на високите зони и тоа :
Сето ова погоре планирано може да се изведе во зависност од приходите на ЈКП-Водовод-Арачиново , Општина Арачиново и со помош на некои донатори .

# IV. Планирани приходи и расходи

## 1. Планирани приходи

| Р.бр | Вид на приходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Вкупни фактурирани износи за вода, канализација и смет, надоместоци за приклучок, надоместоци за повторно приклучување, и други оперативни приходи вклучително одредени субвенции, но со исклучок на сите даноци | 7.370.000 |
| 2. | Собирање и транспортирање на смет | 4.230.000 |
| 3. | Приходи од приклучоци | 161.716 |
| | | |
| | ВКУПНО : 1+2+3 | 11.761.716,оо |

## V. Оперативни активности кои произлегуваат од дејноста

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комунален отпад во една урбана средина во рамките на законската регулатива што има директно влијание во зачувањето на животната средина гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

1. Редовно ќе се проверува состојбата на водоводната мрежа и ќе се врши замена на дотрајаните делови( во зависност од финансиските средства)
2. Замена на сите срца на водомерите ( во зависност на финаниските средства во ЈКП –Водовод-Арачиново и на Општина Арачиново
3. Собирање на смет ке се одвива според следнава неделна динамика:

- **Понеделник** ( **Реон 3**; на улица 21 , 12 , улица 1 лева страна , и село Мојанци)
- **Вторник** (**Реон 4** ; улица 5 , улица 14/1, )
- **Среда** ( **Реон 5** ; улица 10 , , улица 8 и улица 14 )
- **Четврток** (**Реон 6** ; улица 6 , улица 4 и улица 18)
- **Сабота** ( **Реон 1** ; улица 1 , улица 2, улица 3 , улица 7, и улица 9 .)
- **Недела** ( **Реон 2** ; улица 11, улица 1 лева страна )
- **Петок –**слободен ден на вработените на ЈКП за собирање смет.

## VI .Мерки за санирање на финансиските состојби

Со оглед на аралмантните состојби со ликвидноста и со загубата на вода нужно е непосредно и постојано следење на финансиските текови со фклучување на : Управниот Одбор и Основачот – Советот на Општина Арачиново и тоа :

1. Зголемена наплата на тековните побарување и засичлување на мерките на присилна наплата на побарувањата од минатите години ( опомени, тужби )
2. Оперативни односи насочени кон намалување на загубата на вода , преку :

- Пронаоѓање и санкционирање на дивите приклучоци .

За спроведување на оваа мерка на секоја седница на Советот , директорот на ЈКП –Водовод-Арачиново јавно бараше помош од Советниците на Општината но до ден денес од тие барања нема ништо.

Во оваа година директорот на ЈКП –Водовод-Арачиново сам ги превзеде следниве одговорности.

Проширување на деловните активности на препријатието со нови дејности во рамките на законската регулатива.

За состојбите во ЈКП-Водовод-Арачиново  редовно ке биде информирани Управниот Одбор и Советот на Општина Арачиново.

VII. **Годишен план за јавни набавки**Во насока на рационализација за обавување на дејноста , претпријатието ке донесе годишен план за јавни набавки и тоа за сите видови трошоци кои се непосредно поврзани со обавување на дејноста.

Планирани работи на ЈКП-Водовод-Арачиново во 2015 година ако тоа го овозможи финансиската состојба на фирмата Општината ; и изнаоѓање на донатори од страна на советот на Општина како свое чедо т.е. како основач на фирмата :

- Промена на сите водомери
- Промена на застарената инсталација
- Поврзување на високите зони со резервоарите
- Воведување на редовно плаќање на правните субјекти и Општината за извршените услуги што ги врши ЈКП-Водовод -Арачиново.

Сите овие набројани работи што треба да ги изврши ЈКП потребни се многу финансиски средства а истите треба да се обезбедат преку Советот на Општината, Општината и ЈКП –Водовод-Арачиново. Во спротивно ЈКП-Водвод=Арачиново со досегашната динамика на финансиски средства не ќе може овој товар да го поднесе од следните причини :

- Секојдневни ситни дефекти на веќе застарената 10годишна водоводна инсталација.
- Повремени големи дефекти на главниот цевковод кој изнесуваат и до 2000 евра за санирање на еден таков дефект.
- Загубата на вода која месечно изнесува во просек до 5000 евра.
- Според сето ова изнесено е потребна е помош од сите структури во Општината почнувајки од Градоначалникот, Советот и ЈКП –Водовод-Арачиново .

.

Сите овие набројани работи што треба да ги изврши ЈКП потребни се многу финансиски средства а истите треба да се обезбедат преку Советот на Општината, Општината и ЈКП –Водовод-Арачиново. Во спротивно ЈКП-Водвод=Арачиново со досегашната динамика на финансиски средства не ќе може овој товар да го поднесе од следните причини :

- Секојдневни ситни дефекти на веќе застарената 10годишна водоводна инсталација.
- Повремени големи дефекти на главниот цевковод кој изнесуваат и до 2000 евра за санирање на еден таков дефект.
- Загубата на вода која месечно изнесува во просек до 5000 евра.
- Според сето ова изнесено е потребна е помош од сите структури во Општината почнувајки од Градоначалникот, Советот и ЈКП –Водовод-Арачиново .

.

ЈКП-Водовод-Арачиново
Директор:
Неџат Алији